***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5249/**

# З А П И С Н И К

**Од 166.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.10.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 166.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 164.седница и 165.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Извештај за предвидени и склучени проекти по однос на програмски права за 2022 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записниците од 164.седница и 165.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 164.седница и 165.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 164.седница и 165.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записниците од 164.седница 165.седница се едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Извештај за предвидени и склучени проекти по однос на програмски права за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кој го претстави материјалот за програмските права и договорите кои се склучени, и што од вкупниот износ по договорите останува како резервирани средства за понатака.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакна дека околу 87% од средтсвата од 2021 година се потрошени во 2022 година, и запраша дали е тоа вообичаена пракса или е нешто сега пример оваа година.
Горан Атанасов објасни дека има претежно пакети, најмногу во спортската програма кои се набавуваат за неколку години во иднина и затоа е овој конкретен случај така, и норамлно ако ги добиеме сите средства од буџетот на РМ тие проценти ќе бидат многу помали.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија со прашање колку епизоди ќе има овогодинешниот проект проект „Преспав“.
Горан одговори дека сеуште нема добиено информација за тоа, но најверојатно како предходната сезона 20 епзоди.
Гајур Рамадани истакна дека по ова што може да се види од извештаот за наредната година нема да имаме дополнителни копордукциски проекти и 2022 година ќе остане празна, и запраша зошто е толку мала сумата за надоместок на програма од независни продуценти.
Директорот Горан Атанасов објасни дека ние ги даваме само сумите колку средства има за програма, но делот за распределба за каква програма ќе бидат наменети кажуваат уредниците на програмските сервиси.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац информираше дека се добиени неколку Одлуки од Комисијата за избор на програмски содржини за усвојување на проекти по јавни повици.
Исто така претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац информираше дека е добиено Известување од Одговорниот уредник на Прв програмски сервис на МТВ, во кое се информира дека нема да се пренесува во живо седницата на Државната изборна комисија за разгледување и одлучување по поднесени приговори од подносители на листи за Локалните избори 2021, која што ќе се одржи денеска(21.10.2021) со почеток од 15:00 часот. Според известувањето од ДИК, наместо во прес-центарот, истата ќе се одржи во сала за состаноци во која што нема техничка опрема неопходна за аудиовизуелно следење на истата. Секако, Македонската телевизија ќе известува за текот на седницата како и за одлуките на Државната изборна комисија, во рамки на своите дневно-информативни изданија.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија истакна дека е загрижувачки политичките дебати со кандидатите за градоначалници на МТВ 2 да се реализираат во Косово, и да се емитуваат на друга Косовска телевизија, и поради сето ова Ведат Мемедалија предложи Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Главниот и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ да достави Информација:

-Дали МРТ2 има капацитет да организира дебати со кандидатите за градоначалници на локалните избори во СРМ?

-По кој основ и по каква постапка се емитуваат политичките дебати од Kallxom.com организирани во Косово со кандидати за градоначалници на локалните избори во СРМ?

- Дали има писмен договор за емитување на дебатите? Доколку да, кои се потписниците?

- Дали постапката одела преку Комисијата за избор на програми?

- Зошто Програмскиот совет на МРТ не е известен?

Одговорите да бидат доставени до Програмски совет во писмена форма најдоцна 2 дена пред одржување на седницата.

Одговорниот уредник на МТВ2, да биде присутна на седницата да одговори на дополнителните прашања на Програмскиот совет на МТВ.

-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател